*Љубен ЛАПЕ*

# ПЕРЕ ТОШЕВ ВО СПОМЕНИТЕ НА СВОИТЕ СОВРЕМЕНИЦИ

## По повод 60 години од неговиот трагичен крај

Од сите крупни фигури на македонското национално-револуционерно движење, само Пере Тошев не оставил тукуречи никаква писмена трага за својот животен пат и учество во борбите на македонскиот народ од крајот на XIX и почетокот на XX век. Оваа неповолна околност историчарот и биографот на Пере Тошев мора да ја надвие со критичката употреба на изворите од втора и трета степен, т.е. со користењето на податоците од спомените на неговите современици или усни раскажувачи. За среќа приличен број Переви соборци во своите спомени од неговото време изнесоа одделни периоди и настани од неговиот живот и на тој начин само донекаде ја пополнија големата празнина во нашите познанија за Пере Тошев како организатор, револуционер, идејник и карактер, како и за неговото место и улога во македонското национално-револуционерно движење.

Прв и најсигурен раскажувач за Пере Тошев е неговиот другар од детството и соборец во Тајната македоно-одринска револуционерна организација — Ѓорче Петров. Како соклaсник во неполните гимназии во Прилеп и Битола, потоа во полните гимназии во Солун, и Пловдив, Ѓорче Петров единствено од сите мемоаристи ни остави во своите објавени Спомени[1]) драгоцени податоци за првите години на школувањето на Пере, за неговото учество во ученичките бунтови во Солун и неговото продолжување во Пловдив по исклучувањето од Солунската егзархистичка гимназија, за првите невешти зачекорувања на Пере Тошев во политичкиот живот на Македонија уште како ученик на Солунската гимназија преку создавањето на првите контакти со прилепските комити од 80-те години на XIX век и доста податоци за неговата зрела активност како организатор и пропагатор на идеите на Тајната македоно-одринска револуционерна организација

---

[1]) Спомени на Гьорчо Петров, Съобщава Л. Милетич. София 1927. Преводот на Спомените на Ѓорче Петров на македонски јазик излезе во Скопје 1950 год. Цитираните места овде се според македонското издание на Ѓорчевите спомени,

и еден од нејзините основоположници и врвни раководители во текот на прилично долго време. Ненадоместливи се податоците од Спомените на Ѓорче Петров за Пере Тошев по прашањето за неговата основоположничка улога во создавањето на првото револуционерно јадро на Организацијата во Битола и методите на нејзиното ширење во Битолскиот санџак. Перевите напори и погледи за остварување единство во редовите на Организацијата и неговите рано појавени тенденции за воведување поголема демократичност и самостојност на окружните комитети најдоа, исто така, видно место во Ѓорчевите спомени. Макар и периферно спомнати во Спомените на Ѓорче Петров се изнесени и односите на Пере Тошев кон своите другари во затворот Подрум Кале и по излегувањето од затворот. Ѓорче Петров ни ги изнесува интимните ставови на Пере Тошев по прашањето на решението на Смилевскиот конгрес за кревање на Илинденското востание, неговото учество во самото востание, во четата на прилепскиот војвода Петре Ацев, и неговата извонредно важна и активна улога на Прилепскиот конгрес од 1904 година по прашањето за реорганизација на Организацијата во новонастанатите услови, во насока на нејзината демократизација и строга примена на изборното начело во сите организациски тела — од селските комитети надолу до Централниот комитет нагоре.

Доследен во изнесувањето на позитивните страни од Перевата активност како ран застапник на идејата за организирано работење во полза на ослободувањето на Македонија од турската власт уште пред да се формира Тајната македоно-одринска револуционерна организација во Солун, Пере Тошев се оцртува, во Спомените на Ѓорче Петров, како извонреден конспиратор и патриот исцело предаден на ослободителното дело, како цврст карактер во реализирањето на своите планови. Доследен во изнесувањето на вистинските квалитети на Пере Тошев, Ѓорче Петров не се откажал во своите Спомени да ги изнесе и своите несогласувања со Пере Тошев на Прилепскиот конгрес, приговарајќи му во дадениот момент за неговата тесноградост.

Од едно објавено писмо на Ѓорче Петров се гледа[2]) дека Ѓорче се готвел да напише поопширен оглед или биографија[3]) за својот неразделен другар, како што тоа го стори за Гоце Делчев, но по сè личи дека прераната смрт го спречила Ѓорчета да го исполни овој свој морален долг.

Податоците на Ѓорче Петров во неговите Спомени и воопшто неговите искажувања за Пере Тошев носат наполно објективен карактер и споредени, некои од нив, со други такви, кај други автори, ја потврдуваат нивната веродостојност. Сосем прав е Димитар Митрев кога тврди дека: „Ѓорче Петров пишува за Пере Тошев со реален

---

[2]) Љ. Лапе, Непознати писма и телеграми на Ѓорче Петров. Гласник на Институтот за национална историја (натаму ГИНИ) XV, 2 (1971), стр. 271.

[3]) П. Ацев, Раняването на Д. Груев в с. Слатино през 1904 г. Илюстрация „Илинден“ (натаму, Ил. Ил.) бр. 83, стр. 6.

пиетет и со реални означувања за неговите револуционерни достоинства, не вршејќи омаловажувачки компарации заради истакнување на сопствените достоинства“[4]).

Во своите сеќавања за првите чекори на политичката активност на Пере Тошев, учителот и неговиот колега во Прилепската неполна гимназија Илија Иванов пишува дека паднал под силно влијание на Перета. „Пере ми ја стави на располагање целата своја библиотека дома и јас бев во неретки контакти со него. Со чиста совест исповедувам, продолжува Иванов, дека Пере не еднаш ми зборуваше како е дојдено времето да се работи за слободата на Македонија и дека со таа задача треба да се ангажира младото учителство . . . Пере сакаше учителот „да апостолствува“ надвор од четирите ѕидишта на училиштето и да го подготвува народот за самостоен слободен живот“[5]).

Од првите денови по доаѓањето на Пере Тошев за наставник во Битолската неполна гимназија, во м. октомври 1894 г., па до напуштањето на Битола, во август 1898 г. и подоцна, Пере Тошев работел со Анастас Лозанчев, член на Окружниот комитет во Битола основан од Пере. Од Спомените на Анастас Лозанчев се гледа[6]) дека Пере Тошев уште од првиот ден на својата активност во Битола се покажал како човек со оформени идеи за организациската работа, како човек што имал јасна претстава како да се работи, како да се агитира и сл. Оние што ќе заработеле со Пере се саживувале и сраснувале со самата Организација и останувале докрај верни. Лозанчев наведува редица видни револуционери што излегле од школата на Пере Тошев и кои на дело ја докажале својата приврзаност кон идеалите на Организацијата.

Движејќи се непрекинато со Перета, Лозанчев ни остави необично ласкави епитети за Пере Тошев како човек, карактер и револуционер. Единствено Лозанчев во своите Спомени направи споредба помеѓу личноста на Пере Тошев и Даме Груев, истакнувајќи ги предностите на Перета пред Дамета. Споредбата на Анастас Лозанчев макар колку и да има доза на субјективност, својствена речиси на сите мемоаристи, сепак поради својата релјефност и разновидност заслужува да биде изнесена во сета нејзина целост. Според Лозанчев: „Пере беше тврд како карпа — Даме со еластичен карактер; Пере беше молчалив како сфинкс — Даме цела воденица; Пере револуционер и конспиратор par excellence — Даме беше конспиратор, но никаков револуционер; Пере беше готов сам да му ја скрши главата на својот непријател — Даме беше поскоро готов да го наклевети, да го оцрни,

---

[4]) Д. Митрев, Мислителот Ѓорче Петров. Свечен собир посветен на Ѓорче Петров. Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 1971, стр. 18.

[5]) Ил. Ив., Нужно е повече светлина. Сб. Илинден 1903—1924, София 1924, стр. 37.

[6]) Постојат две верзии од Спомените на Анастас Лозанчев. Скратената верзија ја објави Б. Мирчев во списанието „Известия на Института по българска история. Том VI (1956)“. Поширока верзија на Спомените, лично пишувани од самиот Лозанчев сè уште е во ракопис во ИНИ Скопје, документација, Сл. IV 88.

но никогаш немаше кураж сам да го уништи; Пере беше смел човек, смелоста на Дамета беше посредна; Пере влијаеше на тесен круг луѓе — Даме беше генијален организатор и тоа, според мене, е најголемото негово достоинство за Организацијата.

Пере бараше елити и на тие елити им вдахнуваше душа — Даме им ја вадеше душата на тие луѓе; Пере беше аскет во полна смисла на зборот — Даме беше на другиот пол од тоа качество; и двајцата беа трезни луѓе. Пере беше искрена, чесна душа, многу голема реткост кај прилепчаните — за Дамета не постоеше зборот искреност; Пере беше со праволинеен карактер и ги презираше оние што сакаа да ласкаат — Даме беше језуит и сакаше да се врткаат околу него ласкавци; Пере беше прекалено скромен човек — Даме повеќе горд од гордите; Пере имаше амбиција да се работи, да се твори — кај Дамета имаше друга болна амбиција којашто не му даваше мир — да не биде засенет од други; Пере бараше луѓе работливи и со тврда волја — никогаш околу Дамета не пркнуваше таков." И на други места и по друг повод Лозанчев во своите Спомени се однесува со голем пиетет кон Перета, не откажувајќи се, исто така, како и Ѓорче, да ги изнесе и Перевите слабости во неговиот карактер: претераната молчаливост, моменталната избувливост, слабите Переви говорнички способности и др.[7])

Своите сеќавања за Пере Тошев како строг и нервозен, но праведен педагог и воспитач во Битола, ги изнесе во своите Спомени неговиот ученик Никола Киров-Мајски.[8]) Според Никола Киров, Пере пред да ги прими учениците во конспиративниот кружок, основан од него во Битолската гимназија, темелно ја испитувал нивната издржливост во поднесувањето на физички притисоци, а преку систематското воведување во револуционерната литература од гимназиската библиотека, претходно го револуционизирал нивниот дух. Пере ја имал таа можност уште повеќе зашто бил истовремено и библиотекар на гимназиската библиотека.

Во неколку посебни статии и учителот револуционер Тодор Станков ги изнесе своите сеќавања за Пере Тошев, во кои специјално ја подвлекува Перевата предвидливост и такт во својство на раковидител на Битолскиот револуционерен округ и член на Централниот комитет во Солун. Станков ја илустрира оваа предвидливост на Перета во два случаја од неговиот личен живот, кога Пере со своите совети и предупредувања, а ползувајќи ги слабостите на турската администрација, успеал да го спаси Станкова од сигурни хапсења.[9])

Најубава претстава за физичкиот и духовниот лик на Пере Тошев остави во своите сеќавања просветниот работник и револуционер од Воден, Велко Думев. „Со поднаведнато нежно тело и свивајќи се

[7]) Спомени од Анастас Лозанчев, бивш член от Главния щаб на Илинденското възтание. ИНИ, Скопје, документација. Сл. IV 88, стр. 9, 51.

[8]) Никола Киров — Майски, Из спомените ми за Пере Тошев. Ил. Ил. 51—52. стр. 6—8.

[9]) Т. Ст., Пере Тошев. Спомени за него и преживелици. Ил. Ил. 25, стр. 1—3.

одвреме навреме од стомачна болка, тој (Пере — б.м.) чекореше бавно, тукуречи тешко, сред летната горештина по оние улици во Солун што водеа кон станот на некои од неговите другари — Д-р Татарчев, Хаџи Николов, Антон Карата, Батанџиев или поп Стамат, каде што се правеа состаноците, поточно советувањата на ЦК ВМОРО со повиканите или по своја иницијатива дојдени во летната ваканција раководители на провинциските комитети. Штом влезеше во стајата, оставаше на масата полно книжно кесе со овоштие, го одвиткуваше долгиот бел појас, ја вадеше својата испотена јака и го испружуваше своето изморено тело на креветот или миндерот. Општиот болеснички вид му придаваше на неговото убаво долгманесто лице тукуречи детска нежност, која предизвикуваше топло сочувство кај сите што беа блиску до него. Пере излачуваше исклучителна привлечна сила со целото свое суштество: со своите големи тажни очи, обвиени од неговите густи смуртени веѓи; со мазното широко чело, со бушавата коса што ја покриваше неговата интелигентна глава и со лесниот збор при што и образот му добиваше особено мил, скоро весел вид. Но Пере ги привлекуваше луѓето неодложно со својата душа — душа надарена со високи умствени квалитети и добродетели. Образованието и главно љубопитството беа ги развиле неговите умствени способности до мудрост, редок квалитет кај револуционерите, а неговото воспитание и средина беа закалиле во него човек со највисоки добродетели: скромност, преданост, упорност и трпеливост. Пере ја вршеше работата за Македонија со љубов, предвидливост и мудрост.

Туѓ за слабостите на честољубивите и славољубивите, тој не отстапуваше од своите убедувања, но секогаш беше помирлив кога ја чувствуваше таа потреба, или кога другарите покажуваа расположение кон помирување на спротивностите. Пере не бараше внимание, уште помалку почитување од другите, но секогаш со своите сериозни доводи и заклучоци го предизвикуваше вниманието и признанието на своите другари. Ни еднаш тој не појави склоност да се истакне себеси како водач, иако ги имаше квалитетите, коишто бездруго му го определуваа прворедното место меѓу првите сили на Организацијата. А како раководител во Битола и Прилеп и на Централниот комитет во Солун покажа исклучителна организациона дарба, и, ако неговото име не се пронесе со громката слава од на многу помалку што го заслужиле народното признание, тоа се должи само на неговата молчалива, бесшумна, но секогаш свесна, предвидлива и тактична работа.

Врв на сите овие квалитети кај Перета држеше неговата грижлива и свесна потчинетост на организациската дисциплина, за неа тој беше готов на секакви жртви[10]).“ Думев наведува неколку конкретни примери за да ги аргументира своите горприведени тврдења.

[10]) Велко Думев, Пере Тошев. Ил. Илинден, бр. 76 (1936), стр. 2—3.

Често цитираната карактеристика на Симеон Радев за Пере Тошев, макар колку да занесува со своите убави стилски достоинства, сепак страда од извесна неполност и еднострончивост. Во сеќавањата на Симеон Радев за Пере е речено дека: „Кај никој од неговите соборци внатрешниот живот не бил така чист, така сосредоточен и изобилен со духовно богатство како Перевиот живот. На него укажала силно влијание руската литература[11]), и во основата тој ги имаше сите својства на една словенска душа: добрината, нежноста и склоноста кон контемплативен живот", што е сосема точно но, според Радева, „истовремено со тоа и како вистински Славјанин и една нијанса на безволие, коешто го кочеше неговото дело и го ограничи неговото влијание само во духовната средина на македонското движење",[12]) што е неточно, бидејќи Радев не ги познавал доволно неговите организаторски способности и неговиот голем придонес во ширењето на мрежата на Организацијата.

Покрај веќе спомнатите искажувања во Спомените на Ѓорче Петров и Анастас Лозанчев за неговите организаторски и конспираторски особини, уште неколку современици се искажуваат во своите сеќавања за организаторските способности на Пере и за неговите теренски патувања. Во таа смисла неговиот современик и соработник Кирил Прличев, во своите сеќавања, тврди дека Пере Тошев ја одбрал учителската професија како маска на својата поткопувачка дејност против турската власт во Македонија. Кирил Прличев го среќавал сам лично Перета во 90-те години од XIX век во Воден и околните села во улога на училиштен инспектор, како ги ревизира училиштата, а всушност како ја проверува активноста на околиските и селските комитети на Организацијата.[13]) За истата ревизија и со уште поголеми детали за посетените места и организаторско-ревизионата работа на Пере Тошев, во својство на член на Централниот комитет, говори, во своите Спомени, раководителот на Гевгелискиот околиски комитет на Организацијата и гевгелиски војвода Аргир Манасиев. За првпат, се сеќава Манасиев, член на Централниот комитет во лицето на Пере Тошев вршел ревизија и организирал сè уште неорганизирани села во Гевгелиска и Енице-вардарска околија[14]).

Како човек со голема упорност, без да води сметка за какви и да било пречки во постигнувањето на своите планови и намери, Перета ни го претставува во своите Спомени прилепскиот војвода Петре

[11]) При едно среќавање во Солун 1895 г. Симеон Радев добил како подарок од Пере Тошев два тома литературни огледи од рускиот напреден критичар и есеист Скабичевски со препорака да ги учи и руските критичари (Симеон Радев, Рани спомени, София 1967, стр. 258).

[12]) Хр. Силянов, Освободителни борби на Македония, Т. II, София, 1943, стр. 64.

[13]) K. Parlitchef, Pere Toscheff. Pro Macedonia № 3, Viene 1925, стр. 38—40.

[14]) Б. Мирчев, Спомени на Аргир Наков Манасиев за участието му в македонското освоб. движение. Известия на Института по бълг. история, Т. 7. (1957), стр. 354.

Ацев. Пред сè упорноста на Перета Ацев ја изнесува со доста детали во врска со неговиот неуспешен обид, по цена на својот живот да го спаси од ропството на поречкиот војвода Мицко својот другар Даме Груев, кога заминува сосема сам во логорот на четата на големосрпската пропаганда водена од неговиот стар познаник од Небрегово — Глигор Ламев[15]). Потоа Ацев Перевата упорност ја илустрира уште во еден друг случај од своите спомени. Имено, настојувајќи да го отстрани основниот недостаток во немањето на оружје во Прилепска околија, Пере Тошев со голем такт, како што расправа Петре Ацев, го убедил овега да ја напушти Прилепска околија во зимските месеци, декември 1904 и јануари и февруари 1905 година, тргнувајќи пеш од Битола, преку Прилепско, Велешко, Овчеполието, Кочанско, низ снежните виулици и соспи, за да ја пречекори турската граница нелегално кај Саса, со Петре Ацев заедно, и да пристапи кон купување оружје[16]).

Како и Ѓорче Петров, но Ацев со уште поголеми детали, во своите Спомени ни ја изнесува Перевата неотстапливост и упорност на Прилепскиот конгрес во врска со настојувањата да се примат сите точки на Правилникот на Организацијата, составен од самиот него, во кој доминира демократизмот и изборното начело од најниските до највисоките тела на Организацијата. На сите приговори, што му биле правени, според сеќавањата на Петре Ацев, „Пере остана непопустлив и не отстапи во ниеден пункт. Тој не сакаше да се вслуша ни во едно од мислењата на целата конференција, заклучно ни во Ѓорчевото мислење . . . Ни една запирка Пере не се согласуваше да измени“[17])

И покрај толку цитираните мислења од сеќавањата на современиците на Пере Тошев, далеку сме од мислата дека сме ја запознале целосно личноста на Пере Тошев како човек и деец, барем не во сите периоди од неговата активност. Речиси никој од неговите современици не се осврнал на неговата значајна улога на Општиот конгрес на Организацијата во Рилскиот манастир, при крајот на 1905 година, или на неговата лева ориентација по неговиот повторен избор за член на ЦК во 1905 г. и неговото работење во пиринскиот дел на Македонија. Исто така никој од неговите современици не се осврнал, колку што досега сме имале можност да ја проследиме мемоарската литература, на видот на неговата активност по време на хуриетските денови во Солун како училиштен инспектор и соработник на прогресивните весници на серчани, за што овде-онде инцидентно се споменува во литературата. Освен податокот од Спомените на прилепскиот војвода Крсте Гермов-Шакир, дека Пере Тошев му ги дал да ги пренесе Проект-програмата и Правилникот на федеративното движење од

---

15) Хр. Силянов, цитираното дело, стр. 299—302.

16) Петар Ацев, С Пере Тошев от Битоля до София след сражението в Крушевица. Ил. Ил. бр. 94—97 (1938).

17) Извадоци од Спомените на Петар Ацев. ИНИ Скопје, документација Сл. IV 115, стр. 14.

Солун во Прилеп, за да му ги предаде на Наум Тошев, други податоци немаме.[18]) Располагаме уште само со едно сеќавање на еден од неговите современици од тоа време. Тоа е доста ласкавиот одзив на еден од идеолозите на федерализмот во Турската Империја, Павел Делирадев: „По Хуриетот, пишува Делирадев, Пере дојде од Прилеп во Солун и помина доста време во нашата средина. Значи имав можност одблизу да го запознаам.

Романтичар во најчистата смисла на зборот. Без наместеност, без пози. Народната слобода беше за него култ. И на секоја придобивка тој се радуваше како детето на своите играчки. И колку повеќе го запознавав, толку повеќе се убедував дека Пере е апсолутно туѓ на општопризнатата македонска животна практичност, дека никогаш не барал за себе удобно место во животот, дека народното чувство господари над неговиот духовен мир.

Луѓе како Пере, како Гоце, како Јане, се претечи на утрешното, на идното, на саможртвата за општи идеали. Но едните тоа го вршат со внатрешно, макар и спотаено самозадоволство, дека се повикани да прават жртва, да ги трасираат патиштата кон иднината. Тие ја сознаваат и својата духовна сила; ја чувствуваат својата општествена вредност. И тие даваат сè за борбата, сè свое жртвуваат без страв и без вознемиреност, но го испитуваат и радосното чувство на жреците.

А луѓе како Пере, како Чернопеев[19]), како Бугаријата[20]) и илјада други борци слушаат во својата душа само единствен глас: — гласот на посветеноста.

Нивниот внатрешен мир е исполнет, главно, со чувство на саможртвата. А туѓи се на не помалку активните самосознанија за цената, за високата цена на личната жртва.

Затоа меѓу борците има свесни херои. Но има скромни светци, кои не бараат надворешна пофалба, потцртување на нивните дела, таков беше и Пере.

Подли убијци ги прекинаа дните на еден беззаветно предан живот на својот народ. Живот голем и по своите идеали и по својата неземна скромност.

Со таков голем морален капитал се продолжува борбата за доградба на македонската слобода, за којашто се дадени толку знајни и незнајни жртви,“[21]) ги завршува своите сеќавања за Пере Тошев, Павел Делирадев.

---

[18]) Спомени на Крсте Гермов-Шакир. ИНИ, Скопје, документација, Сл. IV 167, стр. 74—75.

[19]) Христо Чернопеев (1868—1915), раководител на Струмичкиот округ и струмички војвода.

[20]) Крсте Бугаријата, кочански војвода, загинал во II-та балканска војна.

[21]) П. Делирадев, Перето. Възпоминателен лист на трима големи македонски революционери. София, 30.VI.1945, стр. 2.

Големиот македонски револуционер демократ и еден од основоположниците на Тајната македоно-одринска револуционерна организација, Пере Тошев, остави длабоки траги во спомените на своите современици како извонредно скромен човек, исцело предаден речиси цели 25 години во служба на македонскиот народ за кој и маченички загина на 4 мај 1912 година во Дреновската Клисура, на патот меѓу Градско и Прилеп. Во недостиг на автентични материјали лично пишувани од самиот него, цитираниве места од спомените на неговите современици го осветлуваат донекаде ликот на Пере Тошев како карактер, идејник, револуционер и раководител.

*Ljuben LAPE*

## PERE TOŠEV DANS LA MÉMOIRE DE SES CONTEMPORAINS

### Résumé

Dans cet article l'auteur constate que le grand révolutionnaire macédonien, démocrate et un des fondateurs de l'Organisation révolutionnaire macédono-odrinienne secrète Pere Tošev (né à Prilep en 1865 et tué à Drenovska Klisura le 4 mai 1912) n'a laissé presqu'aucune trace écrite sur sa vie et sur sa participation dans la lutte du peuple macédonien contre l'esclavage turc à la fin du XIXième siècle et pendant la première dizaine d'années du XXième siècle. Cette lacune fâcheuse, l'historien et biographe de Pere Tošev doit la combler en utilisant avec beaucoup de sens critique les données que contiennent les nombreux mémoires de ses contemporains. Ces mémoires reparent le défaut d' une documentation archivique solide.

Le premier et le plus sûr narrateur de Pere Tošev est son ami d'enfance et compagnon de lutte Đorče Petrov. Petrov nous donne beaucoup de détails et de données importantes dans ses mémoires publiés. Il nous parle de l'enfance et de l'activité politique de Tošev comme fondateur du comité révolutionnaire de Bitola de 1894 à 1898 et membre du Comité central à Salonique de 1898 à 1901 quand il fut arrêté; de sa participation à l'insurrection d'Ilinden en 1903 et de son activité au Congrès illégal de Prilep en 1904. Les informations que donnent les mémoires des autres contemporains de Tošev comme celles d' Anastas Lozančev, Nikola Kirov, Todor Stankov, Velko Dumev, Kiril Prličev, Petre Acev et Pavel Deliradev confirment les données de Petrov et remplissent par de nouvelles données le vide dans ses mémoires de 1904 à 1912 quand

Pere Tošev fut tué. Les nouvelles informations contiennent la description de l'activité de Tošev comme membre réélu du Comité central de l'Organisation de 1905 à 1907, comme inspecteur des écoles à Salonique après la Révolution jeune-turque, sa retraite pour recouvrer la santé perdue dans les prisons turques. Aucun de ses contemporains ne fournit de renseignements sur l'assassinat perfide de Pere Tošev en route pour Prilep, à Drenovska Klisura, victime d'une embuscade bien organisée par le pouvoir turc.

En somme, Pere Tošev a laissé des traces profondes comme révolutionnaire-démocrate, comme un des fondateurs et dirigents de l'Organisation révolutionnaire macédo-odrinienne secrète pour la libération du peuple macédonien de l'ésclavage turc. Aux yeux de ses contemporains et dans leurs mémoires publiés, il est reste fidelle jusqu'à la fin aux idéaux de l'Organisation.